Италијанската мода
Традиција, креативност и иновација

Made in Italy: The art of Thinking Differently



Ambasciata d'Italia
Skopje

SETTIMANA
DELLA LINGUA
ITALIANA
NEL MONDO

ACE² EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged

Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | Вонр. проф. д-р Сања Ристески

ШТО ЌИ ДАВА ВРЕДНОСТ НА ОБЛЕКАТА?

Материјалот или идејата?



Замислете едно исто парче свила во рацете на двајца дизајнери.

Едниот создава класичен фустан што меко ја следи линијата на телото.


Избира проверен крој, со јасна претстава кој би го носел и зошто би го купил.

Другиот започнува со прашањето: што друго може да стане оваа свила?

Следуваат часови и часови рачна работа.

Конструкција, кроеви, скулптурирање,

плисирање, везење, шиење....



одлично на скица, незадоволително во реалност.

Процесот започнува одново.

Backgrounds

Многу имагинација, знаење и труд, вложени во експеримент за кој однапред нема гаранција дека ќе успее.

Почетокот е ист.

Идејата е различна.


Едниот модел ја следи реалноста...

Другиот отвара нова димензија...

Материјалот има своја цена, но колку вреди имагинацијата?

Роберто Капучи: кога идејата добива форма

Во 1956 година, Роберто Капучи создава еден од своите најпрепознатливи фустани, „Nove gonne“ („Девет здолништа“) од црвена свилена тафта.



Инспирација - Што се случува со водата кога во неа ќе фрлиме камче?

Она што трае само неколку секунди на водата, тој го претвора во конструкција: девет кружни слоеви здолништа, поставени еден над друг.

Како оваа визија би можела да се носи?

Облека како скулптура.

Колку идеи би изгубиле ако секогаш го избираме само она за кое однапред знаеме дека ќе функционира?

Експериментот може да заврши со неуспешен модел.

Италија како креативна средина

РОБЕРТО КАПУЧИ - “Скулпторот на модата”

Роден во Рим во 1930 година

Прво ателје на 20 години

Меѓународната афирмација на италијанската висока мода.

Неговите креации ја поврзуваат модата со уметноста и архитектурата.

Преку плисирање, нагласени волумени и експерименти со материјалите, создава препознатливи „фустани-скулптури“.





Роберто Капучи, „Линија кутија“, 1958. Свила. Архив на Фондацијата Роберто Капучи.

Како Италија го освои модниот свет?

Капучи - колку далеку може да стигне една смела дизајнерска идеја.

“Ми здодеа да гледам фустани што изгледаат исто… Се осмелив да создадам линија изградена од четири агли.“ (Роберто Капучи за „линијата кутија“ од 1958 година)

Капучи развива препознатлив италијански авторски израз: “линијата кутија” од 1958 година ја претвора ткаенината во геометриска конструкција што создава простор околу телото.

Концептот е облеката да се гради како просторна конструкција.

Желбата да се прекине едноличноста преку јасна геометрија.

Облеката налик на архитектурата: наместо градежни материјали, работи со свила и плисирање.

Облеката станува архитектура, бара математичка прецизност и во најситните детали.

Кога материјалот станува архитектура



Што е она што ја прави Италијанската мода толку уникатна?

На прв поглед - елегантен цветен фустан.

Материјалот формира агли и создава простор околу телото.

Токму во тоа е значењето на овој модел. Во 1958 година,
Капучи истражува како облеката може да
добие сопствена архитектура.

Со прецизен крој ја претвора меката свила во геометриска конструкција.

Иновацијата тука е во начинот на кој е обликуван материјалот.
Тоа е важен чекор кон неговите
подоцнежни „фустани-скулптури”.

Предизвик: како од мека ткаенина да создадете форма како архитектонска конструкција, која сепак може да се носи?

Токму тука занаетчиското знаење станува основа за иновација!

ФОРМАТА КАКО КОНСТРУКЦИЈА

1958 -**„линијата кутија“**: аглеста силуета што создава простор околу телото.

геометриските форми на шеесеттите:

Пјер Карден: квадратест крој, кружни отвори и геометриски ракави.

Андре Куреж: кратки фустани со чисти линии и прецизни пропорции.



Кај Капучи експериментот со формата станува препознатлив авторски јазик.

Неговите креации го отвораат прашањето:

Како ткаенината може да добие сопствена архитектура?

Други италијански дизајнери отвораат поинакви прашања:

Како облеката да му овозможи поголема слобода на телото?


Токму во таа различност е богатството на италијанската мода.

Секој автор развива сопствен пристап кон телото, материјалот и идејата.

Зад секоја смела форма стојат промислен дизајн, прецизен крој и мајсторска изработка.

Токму тој спој на креативност и знаење му дава препознатлива вредност на

„Made in Italy“.



FERRAGAMO: МАТЕРИЈАЛОТ КАКО ЕКСПЕРИМЕНТ

„Невидливата сандала“ - 1947

Инспириран од проширен рибарски конец, Салваторе Ферагамо создава сандала чиј горен дел е изработен од полиамид.



Моделот придонесува за освојувањето на наградата **Neiman Marcus во 1947 година**, позната како „моден Оскар“.

ИНОВАЦИЈАТА ЗНАЧИ И ПРОМЕНА НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА.

ARMANI - Деконструираното сако (1975)

Џорџо Армани ја менува конструкцијата на класичното сако

- ✓ Елиминација на крутите внатрешни слоеви и поставата.
- ✓ Помека силуета што поприродно го следи телото.

Истата година го применува пристапот и во женската облека.

Vogue, отстранувањето на поставата и полнењето - експеримент.

Крутите сакоа - кафези.

ИНОВАЦИЈАТА ПОНЕКОГАШ ЗАПОЧНУВА СО ДЕКОНСТРУКЦИЈА.



КОШУЛАТА КАКО АРХИТЕКТУРА - „Origami“, пролет/лето 2004



ЏАНФРАНКО ФЕРЕ: The White Shirt According to Me.

Фере ја преосмислува белата кошула преку принципите на оригами - јапонската уметност на превиткување хартија.

Со комбинирање на крут најлонски тул и мек свилен шифон создава тридимензионални волумени, остри превои и нагласена геометрија.

фотографиите на Леонардо Салвини симулираат рендгенски снимки. Тие ги истакнуваат слоевите, текстурите и внатрешната структура на кошулите, овозможувајќи да ја разбереме нивната „архитектура“. Тоа се фотографски симулации, не вистински рендгенски снимки

Иновацијата е во конструкцијата: лесната ткаенина добива скулптурална форма.

ORANGE FIBER - FERRAGAMO

Од нуспроизвод до моден текстил

Идејата започнува во Сицилија: како остатоците од индустриското цедење цитруси можат да станат извор на целулоза за текстил.

На **22 април 2017 година, Денот на планетата Земја**, Ferragamo ја претставува капсулната колекција со кошули, фустани, панталони и марами.

Во 2017 година, Orange Fiber ја добива наградата за технологија и иновација на Green Carpet Fashion Awards Italia.

Принтовите инспирирани од медитеранските предели, ја поврзуваат иновацијата со италијанското културно наследство.





PRADA RE-NYLON
Отпадот како ресурс

Во осумдесеттите, Мјуча Прада го избира овој функционален синтетички материјал за чанти, а подоцна го внесува и во облеката. Со тоа го преиспитува тогашното очекување дека луксузот мора да се поврзува со традиционално скапоцени материјали.

Во 2019 година, Prada во соработка со италијанската компанија Aquafil го претставува проектот RE-NYLON.



Со Re-Nylon, прашањето се менува: како да се задржат својствата и препознатливоста на најлонот, а суровината да се добие од веќе постоечки отпад? Проектот започнува со капсулна колекција од шест модели чанти.

Капучи - трансформацијата на формата.
Армани - промената на конструкцијата.
Со Orange Fiber и Ferragamo, истражувањето кон нови извори на суровини.
Prada Re-Nylon - животниот циклус на материјалот.


Иновацијата започнува со прашањето: Може ли поинаку?



DOLCE & GABBANA
Модата во дијалог со роботиката

За колекцијата **есен/зима 2021/22**, Dolce & Gabbana и **Istituto Italiano di Tecnologia (IIT) - Италијанскиот институт за технологија во Џенова**.

Хуманоидните роботи **iCub и R1** стануваат дел од ревијата, претставена на **1 март 2021 година**.



Инспирирана од технологијата и слободниот однос на младите кон облеката, колекцијата ги поврзува препознатливите форми од деведесеттите со метални ефекти, флуоресцентни бои и експериментални материјали.

Соработката ги доближува научните истражувања до публиката и ја отвора идејата за примена на роботиката во модниот свет.

Го менуваат и начинот на кој модата се претставува.


SCULPTA

Sculpta - sculpere - обликува и создава.

Секое парче облека е замислено како мала скулптура, создадена со рачна работа, прецизност и внимание кон секој детал.

Линиите, волумените и текстурите создаваат авангардна естетика која остава траен впечаток

Колекцијата ги спојува смелоста, авангардниот израз и минимализмот, посветеноста и уметноста.



Истражувањата на Капучи и Фере отвораат прашања што ги поставуваме и во работата со студентите: како ткаенината добива волумен, карактер и скулптурално присуство? Во Sculpta, тие прашања стануваат наша практична задача

Структура / Силуета / Форма / Емоција


































SCULPTA
5:00

Каде се отвора следниот експеримент?

- Истражување на материјалите и нивната повторна употреба
- 3Д-печатење на избрани елементи
- Технологија/робот во сценското претставување

- ✓ Текстилен,
- ✓ Електронски и
- ✓ Пластичен отпад
- ✓ Конструкција и 3Д-печатени елементи



SCI-WASTE: FUTURE - FORM

Decoding Waste. Coding Future.



„Sci-Waste: FUTURE-FORM прашање: што ако текстилниот отпад е, всушност, кодот на една нова естетика?

Колекцијата - експериментален дијалог меѓу хаосот на отпадот и предизвикот за редизајн

Ја истражува точката каде технологијата, конструкцијата и 3Д-структурите се среќаваат






02





Ги истражуваме меѓународните примери

Работиме со достапните знаења и ресурси

Развиваме сопствен дизајнерски одговор

Дали иновацијата
запчува со
храброста да ги видиме
работите поинаку?

Per l’Italia, la moda è innovazione.

Б Л А Г О Д А Р А М
З А В Н И М А Н И Е Т О

